**Ефтим Таковски**

# ИЗБРАНИ РАСКАЗИ

## БЕЛИОТ ПРСТ

УЖАСНО. Сепак јас морам да му се јавам. Потребно е оправдување, секако. Тој ќе знае дека сум болен. Прекрасна идеја. Велам, тоа е дозволено. Отсуствување поради болест. Секому може да му се случи таа работа, или нешто слично. Потребно е само да ја подигнам слушалката, потоа бројот. Ало, Ве молам театарот! Другар режисер, реков.

— Да, ти имаш одмор. Всушност повеќе нема потреба да доаѓаш, — зборуваше доста продорно, а во неговиот глас можеа да се сетат неколку нијанси кои ја издаваа неприродноста на неговиот говор.

— Значи отпуштен!

— Сакате ли нешто да ме прашате? — рече тој, а јас чувствував дека тогаш неговото лице зборуваше „моето време е скапоцено, јас работам и ... “

— Не! Сакам само да ви заблагодарам. Во овој момент тоа е најдоброто што можевте да го сторите за мене. Благодарам.

— Вашето однесување е во корист на мојата совест, знаете, — зборуваше сега потивко. — Но, јас навистина мислев дека нешто ќе ве интересира.

Тој никогаш нема да разбере дека јас навистина бев среќен што ме отпуштаат од театарот, и дека најискрено сакам за тоа да му се заблагодорам.

Во последно време никако не можам да ја поднесувам таа работа. Пастојано нешто ме прогонува, некаков страв се вовлекол во мене, и јас сакам да сторам нешто што ќе ми помогне. Да го спречам уривањето во мене. Впрочем, никогаш не сум ја сакал артистичката работа, а верувам оти не постои некој кај би сакал сиот свој живот да го помине како обичен толкувач на споредните улоги во театарот. Знам дека од помислата за животот на еден таков артист на човека може само да му навира сожалување. Освен тоа, мојот град не е некој голем театарски центар, па да може и таквиот артист да биде среќен. Во весниците навистина пишува за богата театарска сезона, но посетителите тоа не можат никојпат да го видат.

— Секако, простете, ако сакате, но мене не ми е позната причината зошто ме отпуштате?

— Вашето однесување. Но, тоа е премногу благо кажано, — како да зборуваше сега само за себе. — Вашиот истап на последната прететава, и (тука малку подзастана) кај вас отсуствуваше желбата за усовршување. Мислам дека сега ме разбравте.

— Да. Секако. Благодарам!

Прекрасно! Јас веќе нема да ја играм улогата на убиениот. Некои работи навистина неочекувано се случуваат во вистинскиот момент. Ако појдам некаде да се одморам верувам дека потоа би бил наполно спокоен, и потоа ќе можам да живеам сосема нормално. Како што сакам јас. Потоа, можам да ја побарам Ангелина. Таа сега не знае. Ах! мојата малечка Ангелина. Колку сакам да е тука со мене и сè да и кажам. Сигурно дека еден ден ќе морам да **ѝ** ја објаснам оваа моја постапка. Ангелинаааааа!

Ангелина и нејзината мала среќа. Кога ме земаа во театарот чинам ќе препукнеше од задоволство. Артист, тоа за неа е среќа во животот. Се сеќавам како ме чекаше по секоја претстава, и потоа ние шетавме бесцелно, зборувавме, а кога не го правевме тоа се бакнувавме, и таа секогаш мечтаеше дека некој ден јас ќе станам голем и познат артист. Ја замислувам како занесно им се фали на своите пријателки; „саканиот мој е артист, тој е вистински талент", им вели. Верувам дека таа секогаш само тоа го зборува пред нив.

Морам да признаам дека за такво нешто мене не ме бива. Ама баш ништо артистичко нема во мене, а освен тоа не сакам такво нешто да работам во мојот живот. Кога бев мал мама ми зборуваше дека таа работа е проклета и лоша, особено за девојчињата, велеше таа. Јас не сфаќам зошто мора да биде така. Меѓутоа, дека не поседувам артистички талент — совршено ми е јасно.

За тоа што ме земаа во театарот, а таму работев две години, е виновен мојот прст, показалецот од мојата десна рака.

Еден мој пријател кој работи во пропагандното одделение во фабриката за прехранбени производи, дојде еден ден кај мене и заедно со неговиот колега го фотографираа показалецот од мојата десна рака. Направија десетина снимки од различни агли и со неколку пози на прстот и на целата рака, и најпосле си заминаа. Не помина ни цела недела, а во самопослугите насекаде во градот жените купуваа квасец на чија обвивка стоеше слика од мојот прст. Хонорарот за рекламата го добив четири дена по снимањето.

— Ќе дојдам во пет попладне. Имам многу важни работи да ти соопштам, — ми се јави едно утро пријателот од одделението за пропаганда.

Тој не пристигна ни по половина час чекање, и јас излегов некаде. Утредента се јави повторно:

— Прости, не можев да дојдам, — ми рече и потоа повтори уште еднаш дека е многу важна таа работа и закажавме во истото време.

Попладнето беше точен. Кога влезе, од неговата чанта извади дваесетина фотографии и ги нареди по масата од мојата соба. На секоја од нив се наоѓаше мојот прст, или само дел од него. И потоа, тој повторно го фотографираше мојот прст. Сето тоа мене вистински ме збуни, и јас тогаш не можев ништо да сторам, занемено то гледав бесконечното чкрапање на фото-апаратот. Ја замислував мојата рака во некоја чудна положба на првата страница од некој илустриран весник како ги поздравува случајните погледи на минувачите. Меѓутоа, вистински посакував тоа никогаш да не се случи. Веројатно на оваа моја желба никој“ не би помислил кога би ја видел фотографијата на насловната страница од весникот.

Сепак неочекуваното се случи. Да знаев дека така ќе биде можев сѐ да спречам. Прво нема да му дозволев пропагандистот да го фотографира мојот прст, а потоа, ако не, можев да го повлечам излегувањето на фотографијата кај луѓето од илустрираниот весник. Но, за сѐ веќе беше доцна. Поминаа неколку недели, и фотографијата ја доби наградата на некој меѓународен фестивал на уметнички фотографии. Тоа тешко го поднесов. Веќе не сакав да го видам пријателот.

Потоа деновите полека минуваа и фотографијата стануваше веќе заборавено минато. Можев да се чувствувам поспокоен. Сето тоа ќе го заборавам, си мислев, а тогаш, тие денови кога така си мислев, во мојот отан пристигнаа некои луѓе од телевизијата.

— Другар, ние сме од телевизијата, и сакаме...

— Да, знам, — реков јас. — Вие сакате да ја снимате мојата рака, и прстот се разбира.

И потоа тие започнаа со снимањето. Кај нив сѐ беше подготвено и изработено во детали. Најпрво снимаа оние од економско пропагандната програма, потоа од музичко забавната, од научната, и најпосле новинарот од дневната редакција водеше со мене некаков разговор во кој јас требаше да му зборувам за тоа кои се моите идни планови, дали сум се надевал на ваков успех, а тој зборуваше за некаква моја скромност која може да послужи за пример. Трици! Ме чуди што тие луѓе се толку шематизирани, неинвентивни, а надуени, што мене ми личеа како роботчиња.

Си заминаа, а јас останав сам, и насекаде во мене за прв пат влегуваше чувството дека постои, не знам каде, накој што сака да ме убие. Чувствував дака некој ден, кога исто така ќе бидам сам, ќе пристигне од некаде онака невидлив и нема ни да ме допре, а јас пред него полека ќе гаснам.

Вечерта на телевизијата го прикажаа разговорот. Во него имаше две нешта што јас ги забележав. Новинарот беше навистина смешен, а јас изгледав проклето тажен, и за сето време гледав некаде долу пред мене.

Чинам тие денови насакаде го гледав само мојот прст. Во секој предмет, во сè што ќе погледав се јавуваше прво тој. Почнав да си вообразувам дека со него можам да сторам што и да посакам. На пример, можев да земам едно ситно каменче, да го фрлам, и потоа со показалецот да го одредувам неговото движење, да прави големи вертикални кругови, потоа големи хоризонтални кругови, или наизманично и двете движења, и најпосле без да го допрам да го вратам на неговото место. Или можев навечер да ја извлечам со него која и да е ѕвезда од вселенскиот простор и да ја доведам на најмалата можна оддалеченост од земјата.

Еден ден дојдоа од театарот и ми понудија работа. Попусти беа моите одбивања. Тие доаѓаа секој ден и секој погоден момент го користеа да ми се јават и да ме прашаат кога ќе прифатам. Ангелина исто така го сакаше тоа, и тие најпосле победија. Јас станав нивни артист, само поради мојот необичен прст. Чинам не постоеше место каде би можел да се скријам од нив. Тие можеа да ме пронајдат каде и да е и да ми кажат дека ме чекаат, и притоа со часови да ми зборуваат: „Изгледаше фантастично на телевизијата", „Ти си навистина невиден талент"...

Почнав како статист. Тие и Ангелина беа задоволни, и јас потоа добив една помала улога во една претстава. Бев убиван, секоја вечер. Мизансцен кој најверојатно публиката го забележуваше, но мене ми беше најздодевното нешто во светот. Те убиваат, ти полека паѓаш и умираш, а притоа испушташ некаков смртен крик. Препукнував од здодевност, и поради тоа онаа вечер на претставата јас навистина направив испад. Место да го испуштам смртниот глас викнав: „Не можам веќе! Не можам да бидам убиван!" За нив тоа беше вистински скандал, а јас никако не можев да му кажам на режисерот дека се плашам и дека не сакам повеќе да бидам убиван, а тој на тоа веројатно ќе induce речеше: „Артистот треба да е подготвен на сè, твоето кажување се коси со професијата", а јас тогаш ќе му кажев дака тоа не е моја професија и дека не ја сакам, и јас не ја одбрав туку тие ме принудија.

Мора да постои некој пат по кој би можел да поминам во моето поранешно спокојство. Сакам сè што се случи да исчезне како нешто одамна отсонувано.

Треба да излезам и да ја побарам Ангелина. Тоа малечко и невино суштество знае неизмерно да биде спокојно во овој свет. Потребна ми е нејзината помош. Можеби нема да биде задоволна

шго ме отпуштија од театарот, но јас ќе ѝ објаснам дека тоа е подобро за моето здравје. Таа не живее далеку, и јас, можам да појдам пеш.

Што ли ќе помисли мојата малечка Ангелина, мислев кога излегов од дома. Беше пладне и многу малку луѓе минуваа по улиците. Поминав од другата страна на Ударната бригада, одев многу полека и мислев на Ангелина. Потоа почувствував дека некој оди по мене. Не сакав да се свртам, може нешто да се случи. Наеднаш почувствував како да е некој мртовец, исто онака како на татковиот погреб. Тогаш ја носев иконата што ми ја даде попот и одев напред, а зад мене беше татко ми, мртов. Јас сè уште не можев така да го почувствувам и мислев дека чекори зад мене. Одев со иконата в раце и мислев на учителката по француски и тоа што ми го кажа кога не ја знаев лекцијата: „Имаш среќа оти татко ти е болен", ми рече таа. Очекував таа од некаде да се појави и јас тогаш ќе морав да побегнам од татковиот погреб. Се плашев и мислев само на неа. Тато го закопаа, а јас пак мислев на учителката оти можеше да дојде од некаде, да застане наспроти мене како да ме испрашува, со голема темнина во очите и на лицето, и да ми рече: „Имаш среќа бидејќи умре татко ти". Затоа само молчев, и се плашев. Луѓето кои беа на погребот не знаеја што се случува со мене, а кога во црквата паднав во несвест тие мислеа дека тоа ми се случи поради татковата смрт. А јас воопшто не паднав поради тоа. Впрочем, тоа би било премногу глупаво, и дури јас после тоа би се срамел од сите нив. Тогаш ја гледав засушената крв на татковата глава што беше истекла од под белиот завој (тоа од операцијата), и слушав како попот и другите прекрасно ги пеат духовните песни за таков момент. Потоа попот го рашири белото платно над телото на татко ми и на него почна да црта со јагленче. Најпрво нацрта мртовечка глава, а потоа црташе нешто по целото платно, а ние сите го слушавме и државме по сосема мал дел од платното, а јас кришум ѕиркав под него и ја гледав татковата рака која беше темна како бојата на иконите. Тогаш почувствуваш дека сите тие раце шго го држат платното можат да посегнат на кај мене, и смртно се исплашив. И потоа надвор, јас пак ги чувствував тие раце како се надвиснати над мене.

Ангелина мора тоа да го дознае. Јас сега ќе ја најдам и ќе ѝ кажам дека секогаш тоа така се случува со мене. Ке излезам на улица, еве како сега, и, веднаш чувствувам дека некој оди зад мене, а потоа се собираат многу луѓе, сета улица ја наполнуваат и немо чекорат по мене со рацете кренати пред нив, како вистински марионети, а јас сè така чекорам пред нив не свртувајќи се, и ги чувствувам насекаде околу во просторот нивните раце.

Ќе ја пронајдам Ангелина. Морам да ја видам. „Јас чувствувам дека некој сака да ме убие, постојано само тоа го чувствувам, и поради тоа...“, така ќе ѝ речам.

## НА ПОЧЕТОКОТ ОД НЕДЕЛАТА

На почетокот од неделата задува студен и бесен ветар, ги размати застоените минати времиња, се проби низ пукнатините на оронетите ѕидови од дотраените куќи на сиромасите, ги разлупа вратите и ги раскрши прозорците кај поимотните, а од средата почна да го расфрлува сето ѓубре по улиците разнесувајќи насекаде несносна смрдеа. Луѓето почнаа да се повлекуваат и по стемнувањето никој не се појавуваше надвор. Беа затворени и исплашени. Кон крајот на месецот сите веќе веруваа дека ќе продолжи да дува дури до нареедниот јануари, и уште понатаму. Во ноќите на сечко толку се разбесна што тие немаа сон говореа дека повторно ја виделе црната кочија на србоманот Ристо Гугински како галопира по темните сокаци.

Докторовата жена, госпоѓа Наталија, не ја видела со свои очи црната кочија, но веруваше оти има повеќе причини од сиот останат свет да го потврди нејзиното појавување. Уште пред две недели сети силни болки во зглобовите, а кога се појави бесниот ветер тие се проширија и влегнаа во сите коски и станаа несносливи. „Тоа е поради промената на времето“, ја тешеше докторот, но таа не му веруваше. Минувајќи ги ноќите седната покрај прозорецот од кујната имаше доволно време да го забележи тоа што луѓето не успеваа да го сетат преку ден. Студот што го донесе ветерот се пробиваше насекаде низ воздухот и влегуваше подеднакво и во предметите и во луѓето создавајќи на исто место и оган и мраз. „Ако вака продолжи, си помислуваше, еден ден сите ќе се скамениме“.

Наоблечена како за далечен пат на кој се оди пеш, госпоѓа Наталија го мина сето претпладне меткајќи се оттука-дотука и чувствувајќи го сè повеќе вкусот на горчината. Сето време додека го чекаше докторот да се врати, мораше да ги слуша подмолните тресакања што ги предизвикуваа луѓето од управата на општината изнесувајќи го мебелот од нивната куќа во дворот пред неа, а од таму други работници го поземуваа и го уфрлуваа во камионот. Го чинеа сето тоа невнимателно и одмазнички. Кога утрината дојдоа и рекоа дека „во името на народот“ треба да земат некои предмети што се вишок во куќата, госпоѓа Наталија ги замоли да се стрпат и да го сторат тоа кога ќе се врати докторот, но тие не ѝ одговорија и ништо не говорејќи почнаа да изнесуваат.

Таа, некогаш цврста и смирена жена која мина триесет подносливи години во брак, со човек почитуван од сите во градот, и со кого изградија со свои раце и труд пристоен дом за живеење, не можеше никогаш да поверува оти еден ден ќе доживее некоја друга стварност и дека тие кои секогаш го пречекорувале овој праг со дарови во рацете, истите тие ќе ја оголуваат нивната куќа.

Очаена и премалена од судбината што во еден ден неповратно ѝ се одзема сè, госпоѓа Наталија пред луѓето од општинската управа се однесуваше како ништо да не се случува. „Не морале да доведат дузина милицајци, за оваа работа“, си мислеше во себе додека ги набљудуваше од прозорецот во кујната. Очекуваше дека ќе бидат коректни, како што некогаш умееја, но се прелага. Изнесуваа и кога ќе сетеа дека таа не е покрај нив, гласно пцуеја: „ебави боржуите низаедни, ви дојде крајот“.

Госпоѓа Наталија почувствува олеснување дури околу пладне кога ги виде како заминуваат однесувајќи сè што земаа. Отиде кај влезната врата да го чека докторот, но кога тој се појави мораше малку да причека додека да го слушне. Докторот погледна наоколу, потоа влегна внатре и пред да ја забележи испразнетоста на куќата, ја заклучи вратата.

- Вистина е – рече.

Се виде дека се воздржувал долго време, но сега одеднаш помодре во лицето, се затресе сиот и солзи му потекоа.

Госпоѓа Наталија го прегрна гласно запомагајќи.

- Коста! Кој ми те зема, сине!!!

Обајцата плачеа и силно ја чувствуваа тежината на ненајавената стварност која влегна одеднаш, и им одзема сè, и куќата и детето. Навикнати да слушаат само туѓи запомагања, сега не можеа ниту да помислат дека ќе го дочекаат погребот на синот.

- Ах таа кочија – проколнуваше госпоѓа Наталија – нека дојде веќе еднаш.

Докторот, човек со искуство, очајувајќи, којзнае по кој пат си повторуваше во себе дека нема лек што ќе ја спречи смртта што ја предизвикуваат вишите сили. „Нивната одлука секогаш е дефинитивна“, си помислуваше.

Неколку месеци порано, кога синот му наврши дваесет и една година, почна да ги дендисува неговите тенки мустачиња, негувани потајно, и почна да верува дека се тоа белези на зрелоста на неговото лице, скаменето од бубулички. Замаен во работата и во она што болните го очекуваа од него секогаш, немаше време да им обрнува толку внимание на промените кај своето дете. Не ги загледуваше ниту промените што секојдневно и неуморно ги пропагираа слободните луѓе во градот викајќи на сет глас по

улиците: ќе создадеме нов човек ... новиот човек ќе биде и посилен и поголем...“, и секогаш кога некој од нив ќе го прашаше, докторот без двоумење им одговараше: „не знам умот од каде ќе му го најдете“. Никогаш не помислуваше дека поради тоа ќе го снајде тоа што веќе го снајде.

- Одам – рече докторот и стана.

Госпоѓа Наталија, отечена во очите, го погледна и не рече ништо.

-Да го пронајдам и да го донесам.

Таа и понатаму го гледаше занемено. Беше во бунило и не можеше навремено да ги поврзува мислите.

- А другите – праша госпоѓа Наталија – и нив ли ги стрелаа?*

- Да – одговори докторот – стрелани се сите пет.

Госпоѓа Наталија ја сврте главата.

- Така е рече – ќе не испобијат сите само да ја докажат нивната вистина.

Докторот излезе. Пред што ја отвори уличната врата, забележа група деца на улицата. Кога сосема ја отвори вратата, децата се разбегаа. Поради студот, тие денови обично никој не излегуваше надвор.Сега, не беа само децата. Собрани на купче, во ќошињата стоеја групи жени и мажи. Во минатите времиња сите тие ќе му пријдеа и ќе сакаа да разговараат со него, а сега штом го видоа се разотидоа невешто преправајќи се дека не го виделе.

На патот до милицијата докторот го сретна пијаниот Тодор, се поздравија како и секогаш, и го остави во моментот кога овој се обидуваше да му ги каже зборовите што толку пати ги има слушнато.

Не очекуваше дека во станицата ќе го дочека така висок авторитет. Го зачуди неговата смиреност и способност да се преправа како ништо да не било, и како ништо да не знае човекот кон кого и мртвите имаат стравопочитување стекнато со шестгодишно убивање на противниците кои сам ги беше поделил на богати и сиромаси. Богатите ги ликвидираше веднаш, и ноќе а сиромасите ги затвораше и внесувајќи меѓу нив разни интриги им овозможуваше сами да се убиваат. Никој во градот не можеше ниту да се посомнева во неговите гнасни ујдурми што сеат смрт, бидејќи во весниците честопати го гледаа во придружба на Семоќниот како им дели мандарини на бедните деца, се гушка со изнемоштените ветувајќи им долг живот, ги наградува работниците ударници.

- Го барам синот – рече докторот кога влегна во неговата канцеларија која изгледаше помрачно од просториите низ кои поминаа.

Началникот Арсо го изгледа одблизу и потоа се сврте со лицето кон тесното и заматено прозорче.

- Полека докторе – рече тмурно – никој не ви го земал. Твојот однос ме навредува. Тие сакаа да пребегнат преку границата, и тогаш се случило тоа што морало; бум, бум.

Лицето му се растегна во лигава насмевка. На докторот му стана непријатно да го гледа, па го повтори тоа што го кажа, но не доби никаков одговор.

- Моите луѓе ќе ви го донесат дома – рече кога докторот излегуваше.

Во докторовата куќа пристигнуваа блиските роднини. Влегуваа изненадени и исплашени, но кога се стемни, веќе никој не пристигнуваше. Милицајците го донесоа мртвото тело на докторовиот син и го оставија надвор, а од таму мажите го внесоа внатре и откако го стимарија, седнаа покрај него. Бледо и со стегнато лице што изразува немоќ, момчето изгледаше како да спие после долго измачување од болки во телото. Рацете му беа завиткани во завој и изгледаа како да се преполовени. На другиот крај од куќата, две жени ја тешеа госпоѓа Наталија, а таа ги убедуваше во можноста црната кочија вистински да се појави, бидејќи се дојдени кризни времиња: „но не плашете се – им објаснуваше – таа не застанува пред секоја куќа“.

Покрај одарот на момчето беше тивко, а неколкумината мажи кои тука седеа и пушеа, се обидуваа во своите тажни мисли да пронајдат некое место што ќе им ја покаже заедничката несреќа. Но, мислите им беа толку замрсени и толку несредени што чувствуваа оти не можат ни за педа да се поместат. Прв прозборе дебелиот роднина кој седеше крај нозете на момчето.

- Така убивале за време на прво српско – рече и потоа објаснуваше – ќе го однесат човекот, а потоа ќе речат сакал да бега.
- Власта која убива деца, не е сигурна власт – рече жената стегајќи го одзади.

Човекот со наочари, кој беше доста слаб и блед, ѝ вети дека нема ништо да зборува климаните, рече со тивок глас:

- Иноќе мораме децата да ги врзуваме за појас, оти тие за час може да ни ги отмат.

Мажите му веруваа, и чувствуваа дека се понемоќни од било кога. Се плашеа од своите зборови и морници им идеа по телото додека разговараа, но не престанаа да ги кажуваат до утрината.

Госпоѓа Наталија, и покрај сè, не се надеваше на толку малку свет на испраќањето. Душата и се преполни со горчина што на гробот на нејзиното дете не ќе има ниту еден венец, бидејќи како

што некој рече; продавачот за венци е на пат од кој нема да се врати уште два дена. Долго го чекаа попот Гаврил, но место него пристигна човек кој кажа дека е од општината и рече:

- Одете сами.
- Госпоѓа Наталија го погледна, зачудена.
- Партијата и народот решија дека попови веќе не ни се потребни – рече човекот и си отиде.

Поворката тргна околу пладне. Беше мала и збиена. Додека одеше зад своето мртво дете, госпоѓа Наталија можеше да го види опустошениот градски плоштад, занемените куќи чии порти не се подотвараат на испраќањето, како што тоа секогаш било во овој град. Ги слушаше само тапите удари на чизмите на десетината милицајци кои одеа зад поворката, како што некој рече, да спречат некој да не фрли камен врз прозорците на полициската станица, кога ќе минуваат покрај неа, на патот до гробиштата.

По погребот сите се вратија повторно во докторовата куќа, но час потоа ја напуштаа и си заминуваа во своите домови. Докторот и неговата жена целата ноќ ја поминаа будни, и седејќи покрај прозорецот што гледа накај гробиштата. Го слушаа ветерот како удира однадвор во бранови, барајќи дупка за да влегне внатре.

- Ах, овој ветер – рече госпоѓа Наталија – ќе ни ја раздроби и куќата.

* Една зимска ноќ во 1951 година од заедничка другарска забава во Струмица земени се: Борис Белев, Стево Топчев, Ѓорѓи Јар’мов, Мирко Пецев и Ѓорѓи Костуранов, струденти на втора година на Универзитетот во Загреб, однесени во близина на границата кон Бугарија, и таму стрелани по наредба на началникот Арсо кој беше добил строго доверлива партиска задача да ја сотре опозицијата и да го исчисти населението од остатоците на трулиот капитализам, кој по четириесет и пет години повторно ќе се врати меѓу луѓето. Таа задача, како што ќе се дознае подоцна, началникот Арсо ја примил од една жена Мара, тогашен висок партиски функционер во Струмица, а таа пак, од некој човек од тајната служба, близок соработник на првиот човек на нацијата.

Атанас, првиот од тројцата егзекутори, непосредно по сторениот масакр избегал во Загреб и по триесет и шест години умрел во самотен живот. Глигор, вториот убиец, кој по убиството наредил да им ги искубат ноктите на децата, во 1968 година си го убил синот отсечувајќи му ја главата со секира и потоа полудел и така луд еден ден го нашле обесен. Камбо, третиот од егзекуторите, сè уште е жив, но со никого не зборува и ништо никогаш не кажал за масакрот.

Велат дека таква му била божјата казна, а смртта ќе го стаса токму навреме, ниту порано, ниту подоцна.

## Биографска белешка

Ефтим Таковски е роден на 24.10.1949 г. Во с. Умлена – Берово. Основно образование завршил во родниот крај и во Скопје, каде што завршил средно машинско училиште и апсолвирал на Филолошкиот факултет.

Автор е на збирките раскази: *Соба за разговор* (Култура, 1983) и *Господарот на вечниот пес* (Култура, 1991). Во литературната периодика и весниците објавувал повеќе раскази и литературна критика, а негови трудови се преведувани на француски, англиски и руски јазик.

Работел во културната рубрика на весникот „Вечер“, и во МТВ. Бил еден од основачите на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, каде што од почетокот го водел секторот за информирање. Починал.